Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 4, 10 декември 2007 година

декември 2007
Штип

СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот за учебникот "Енергетски ресурси" поднесен од авторите проф. д-р Панде Лазаров и проф д-р Тодор Серафимовски од Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 3

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Земјоделско машинство на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 8

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Растителна биотехнологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 12

РЕФЕРАТ за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 16

РЕФЕРАТ за избор на соработник за наставно-уметничка област Вокално пеење на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 18

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 20

РЕФЕРАТ за избор на насловен доцент на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 25

РЕФЕРАТ за избор на соработници за областа информатика на Факултетот за информатика при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 29

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област психологија на образование и воспитување на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 33

РЕФЕРАТ за избор на помлад соработник за научната област Биологија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 35

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Педагогија на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 37

РЕФЕРАТ за избор на соработник за научната област Математика на Педагошкиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 43

РЕФЕРАТ за избор на соработници во научната област Рударство на Факултетот за рударство, геологија и политехника при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 45

РЕФЕРАТ за избор на наставник во насловно-научно звање за научната област Банкарство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип ..... 49

Издавач:
Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип

Главен и одговорен уредник: проф. др. Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл.правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗЕМЈОДЕЛСКО МАШИНСТВО И МЕХАНИЗАЦИЈА

Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип на својата Втора редовна седница, одржана на ден 5.12.2007 год., со Одлука бр. 0210-672/4 од 05.12.2007 год. избра Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Ристо Кукутанов (претседател), проф. д-р Љупчо Михајлов (член), проф. д-р Живко Гацовски (член) за избор на еден соработник за научната област земјоделско машинство и механизација.

Согласно со Законот за високо образование (Сл. весник на РМ 64/00 и 51/07), како и актите на Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Статутот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, Рецензентската комисија, заблагодарувајќи му се на Советот за укажаната доверба, го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс од 02.11.2007 год. и исправка од 03.11.2007 год. во дневните весници "Нова Македонија" и "Лајм" за избор на еден соработник за научната област **земјоделско машинство и механизација**, се пријави само еден кандидат.

### *Биографски податоци*

Кандидатот **д-р Димитровски Зоран** е роден на 20.1.1966 год. во Скопје, каде ги завршил основното и средното образование.

Дипломирал во 1992 година на Земјоделскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, насока Полјоделство, со што се стекнал со право на стручен назив дипломиран земјоделски инженер.

Својот магистерски труд со наслов "*Влијанието на категоријата трактори орачи и бројот на погоните, врз потрошувачката на директна енергија и работните ефекти*" го пријавил на Земјоделскиот факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Магистерскиот труд успешно го одбранил на 3.7.1998 година со што се стекнал со право на научен степен магистер на земјоделски науки - насока Механизација.

Докторскиот труд под наслов "*Узроци и последице несреца при експлоатацији трактора у пољопривреди*" го пријавил на Земјоделскиот факултет во Белград, Универзитет во Белград, Република Србија. Докторскиот труд успешно го одбранил на 12. 1. 2007 година, со што се стекнал со право на научен степен доктор на биотехнички науки, област Земјоделска техника.

Кандидатот од 1992 до 2002 година работи во средното земјоделско училиште ДУСО "Браќа Миладиновци" во Скопје, како наставник по предметите од земјоделска струка: *Мотори и трактори* и *Земјоделски машини*.

Покрај директното учество во наставата, кандидатот во овој период активно учествувал:

- на Републичките тракторски натпревари на средните земјоделски училишта од Република Македонија, како ментор и член на Оценувачката комисија;
- на Државните натпревари на земјоделските работници - тракористи на Република Македонија, како член на Оценувачката комисија, организирани

преку Народна техника на Македонија;
- во работата на Уредувачкиот одбор за издавање учебници на "Просветно дело" - Скопје, како член на Уредувачкиот одбор;
- во изработката на учебникот *Мотори и трактори*, за I година средно образование земјоделска струка, како рецензент;
- во изработка на нови наставни планови и програми на предметите од земјоделска струка преку Бирото за развој, како член на комисија;
- во раководење со училишната економија и во неколку проекти од областа на осовременување на наставата и примена на информатичката технологија во наставата, како член на тимот;
- во периодот 1998 - 2000 на Земјоделскиот факултет во Скопје, хонорарно ја изведувал практичната настава по предметите на Катедрата по земјоделска техника.

Од 2002 година до денес, кандидатот работи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на Катедрата за педологија, агрохемија и мелиорации.

Во овој период учествувал во неколку проекти:

- Regional Project on "Fertigation for Impruved Crop Production and Enviromental Protection", IAEA/FAO, Viena, Austria, 2001 – 2004;
- Development of a Land Information System and its Implementation in Agriculture and Environmental Protection, Slovenian-Macedonian Intergovermental S&T cooperation programme, 2004 - 2005;
- Upgrading of Food Safety in the Republic of Macedonia, IAEA, Viena, Austria, 2005 – 2006, и
- Тренинг-центар за наводнување и управување со водата во земјоделството, УНЕСКО, 2006 - 2007.

Во текот на својата научноистражувачка дејност, кандидатот има објавено 16 научни трудови, објавени во земјава и во странство од областа на земјоделството, експлоатацијата на земјоделската техника и заштитата и безбедноста на земјоделските работници во земјоделското производство, како автор и коавтор.

***Список на трудови:***


1. Димитровски З. (1998): *Влијанието на категоријата трактори-орачи и бројот на погоните, врз потрошувачката на директна енергија и работните ефекти*, магистерски труд, Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, стр. 117.
2. Tanevski D., Dimitrovski Z. (1998): *Uticaj kategorije traktora i broj pogona na potrošnju goriva*, Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema, Zbornik radova "Traktori i pogonske mašine", Vol.3. No.3., Novi Sad, str.151 – 154.
3. Димитровски З. (2000): *Влијанието на бројот на погоните кај тракторот ИМТ 5136 ДВ врз степенот на ситнење на почвените агрегати*, Зборник на трудови "Факултет - Стопанство", Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, стр. 53 - 60.
4. Димитровски З. (2000): *Влијанието на бројот на погоните на тракторот ИМТ 577 ДВ врз пролизгувањето и потрошувачката на директна енергија*, Зборник на трудови "Факултет - Стопанство", Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, стр.61-67.

5. Ољача В. М., Ружичиќ Л., Таневски Д., Димитровски З. (2002): *Сметачките системи во контрола на работните процеси на земјоделската механизација*, Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Вол 47, стр. 89 - 97.
6. Ољача В. М., Таневски Д., Ружичиќ Л., Димитровски З. (2002): *Причини за несреки при работа со земјоделските машини*, Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Вол. 47, стр. 99 - 111.
7. Dimitrovski Z., Oljača V.M., Ružičić L., Tanevski D. (2004): *Nesreće sa vozačima traktora u javnom saobraćaju Republike Makedonije*, VIII Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str. 55 – 61.
8. Dimitrovski Z., Tanevski D., Raičević D., Ružičić L., Oljača V. M., (2005): *Analiza uzroka i posledica pojave trajne invalidnosti rukovaoca u radu TMA u poljoprivredi Makedonije*, Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema, Zbornik radova "Traktori i pogonske mašine", Poljoprivredni fakultet, Novi Sad.
9. Tanevski D., Dimitrovski Z., Raičević D., Ružičić L., Oljača V. M.,(2005): *Vreme i mesto događanja nesreća sa traktorima u Republici Makedoniji*, Jugoslovensko drustvo za pogonske mašine, traktore i održavanje, Pravci razvoja traktora i mobilnih sistema, Zbornik radova "Traktori i pogonske mašine", Poljoprivredni fakultet, Novi Sad.
10. Tanevski D., Dimitrovski Z., Oljača M., Raičević D., Ružičić L. (2005): *Analiza posledica događanja nesrećnih slučajeva u radu traktora*, IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No4, Beograd, str.115-123.
11. Dimitrovski Z., Tanevski D., Oljača M., Raičević D., Ružičić L. (2005): *Nesreće sa prevrtanjem traktora u Makedoniji*, IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No3, Beograd, str.115-122.
12. Oljača V.M., Gligorević K., Branković M., Dimitrovski Z., Tanevski D. (2005): *Primena elektronskih komponenti na traktorima i radnim mašinama u funkciji povećanja sigurnosti i eksploatacije*; IX Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis, Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No1, Beograd, str. 107-118.
13. Dimitrovski Z., Tanevski D., Oljača M., Raičević D., Ružičić L. (2006): *Prventivne mere u sprečavanju udesa sa traktorima u poljoprivredi Republike Makedoniji*, X Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str.17-29.
14. Dimitrovski Z., Tanevski D., Oljača M., Raičević D., Ružičić L. (2006): *Tragične posledice i teške telesne povrede kod dece u nesrećama sa traktorima u Republici Makedoniji*, X Naučno-stručni skup sa međunarodnim učešćem, Aktualni problemi mehanizacije poljoprivrede, Časopis Poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet univerziteta u Beogradu, No2, Beograd, str. 31-39.
15. Dimitrovski Z., (2006): *Uzroci i posledice nesreća pri eksploataciji traktora u poljoprivredi*, Doktorska disertacija, Poljoprivredni fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd-Zemun, str. 189.
16. Prof.dr. Mićo V Oljača, prof. dr. Dragiša Raičević, prof. dr. Lazar Ružičić, prof. dr. Đuro Ercegović, dr. Milorad Đokić, prof. dr. Rade Radivojević, dipl.ing. Kosta Gligorević, prof. dr. Jovan Todorović, prof. dr. Ratko Vujović, dipl.ing. Igor V. Vujović, dr. Luka Radoja, dipl.ing. Janko Denić, dipl.ing. Miloš Pajić, dipl.ing. Milorad Branković, dipl.ing. Živorad Ristić, prof. dr. Dragi Tanevski, dr. Zoran Dimitrovski, mr. Marijan Dolenšek. (2007): *Opasnosti i nesreće u eksploataciji mobilne poljoprivredne mehanizacije*, Monografija, Poljoprivredni fakultet, Univerzitet u Beogradu, Beograd, str. 260.

Покрај другото, од приложените документи може да се констатира дека кандидатот д-р Димитровски Зоран учествувал на повеќе симпозиуми и работилници во земјава и во странство и се служи со англискиот јазик и информатичката технологија.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, член 17, кандидатот д-р Димитровски Зоран ги исполнува критериумите за да биде избран во соработничко звање. Кандидатот според критериумите на Правилникот за наставно-образовната и научноистражувачката активност, а според доставените документи освоил (НО+НИ)= 26 поени.

Рецензентската комисија му предлага на наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, кандидатот д-р Зоран Димитровски да биде избран во соработник за научната област **земјоделско машинство и механизација.**

**Рецензентска комисија**

**Д-р Ристо Кукутанов, с.р.**

**Д-р Љупчо Михајлов, с.р.**

**Д-р Живко Гацовски, с.р.**